Република Македонија
Општина Охрид
[illegible]
Бр. 09-11224/2
01-08.2018 г.
ОХРИД

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработувување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Охрид-, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година усвоен од Владата на Република Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, на ден 01.08.2018 година се објавува:

**Ј А В Е Н  О Г Л А С**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во**
**Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект "СИТЕ ДЕЦА СЕ ЕДНАКВИ СО ЕДНАКВИ ПРАВА" за работно ангажирање со скратено работно време за период од 9 (девет) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Охрид.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 9 (девет) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 9.000,00 денари, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- Млади лица до 29 години;
- Невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку една година;
- Лица корисници на социјална помош или паричен надоместок по основ на невработеност;
- Родители на деца со пречки во развојот;
- Родители на три и повеќе деца;
- Самохрани родители;;
- Жртви на семејно насилство

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

- Образовни асистенти – со високо образование (10 лица)
- Лични асистенти – со средно образование (1 лице)

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" можат да подигнат и поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Охрид во периодот од 01.08.2018 година до 14.08.2018 година.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Охрид- и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа" можат да се добијат во општина Охрид- кај лицето Кети Росиќ-, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа", Агенција за вработување- Центар за вработување Охрид- кај лицето Маја Ташева Биткоска.

Сите заинтересирани кои ги исполнуваат услвите за учество во овој проект можат да се пријават во Агенција за вработување - Центар за вработување Охрид кај лицето Маја Ташева Биткоска и Центар за Социјални работи Мирјана Врангалоска.

Општина Охрид
Градоначалник
д-р Јован Стојаноски